# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе одлука со која се врши **зголемување на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 1,42%,** во однос одлуката од 5.10.2020 година.

Од вечерва на полноќ малопродажните цени **ЕУРОСУПЕР БС-95, ЕУРОСУПЕР БС-98, ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) и на Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) се зголемуваат за 0,50 денар/литар.**

Од 14.10.2020 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| Моторен бензин | ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 59,50 (денари/литар) |
| Моторен бензин | ЕУРОСУПЕР БС -98 | 61,50 (денари/литар) |
| Дизел гориво | ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 50,50 (денари/литар) |
| Масло за горење | Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 50,50 (денари/литар) |
| Мазут М-1 НС | | 26,863 (денари/килограм) |

Малопродажната цена на **Мазутот М-1 НС се зголемува за 0,895 ден/кг и ќе изнесува 26,863 ден/кг.**

Во изминатиот седумдневен период **сите референтните цени на светските берзи** бележат зголемување: кај бензинот за 2,145%, кај дизелот има зголемување за 5,395%, зголемување има и кај екстра лесното масло за 5,664 %, додека кај мазутот има зголемување за 6,216% .

Во истиот период **курсот на денарот во однос на доларот е понизок** за 0,616%.

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 14.10.2020 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

Малопродажните цени на ЕУРОДИЗЕЛ и ЕУРОСУПЕР БС – 95 во Северна Македонија и неколку земји од ЕУ (https://ec.europa.eu/energy/data-analysis/weekly-oil-bulletin_en од 5.10.2020), се дадени во следната табела:

Табела 1. Малопродажни цени на Еуродизел и Еуросупер БС-95

| | Еуродизел (ЕУР) | ЕУРОСУПЕР БС – 95 (ЕУР) |
|---|---|---|
| Северна Македонија | 0,820 | 0,966 |
| Австрија | 1,008 | 1,066 |
| Бугарија | 0,923 | 0,918 |
| Хрватска | 1,108 | 1,211 |
| Германија | 1,044 | 1,289 |
| Грција | 1,134 | 1,424 |
| Италија | 1,263 | 1,388 |
| Унгарија | 1,019 | 1,045 |
| Словенија | 0,999 | 1,002 |

13.10.2020